**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.** 1505-397/8
21.08. **2007 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 23 од Законот за државната ревизија ("Сл. Весник на РМ" бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/2006 година) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија во Министерството за труд и социјална политика на РМ – пилот проект ХСР/ДЗР Заштита на деца бр. 15 – 6790/3 од 15.08.2007 година, заведен во ДЗР под бр.1504 – 397/7 од 15.08.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесе следното

## *Р Е Ш Е Н И Е*
## *по поднесен приговор на Конечен извештај*

1. Приговорот поднесен на Конечниот извештај кој се однесува на делот Коментари на раководството и проценка на ДЗР, **не се прифаќа**.
2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е,*

Против Конечниот извештај на Овластениот Државен Ревизор за извршена ревизија на успешност во Министерството за труд и социјална политика на РМ – пилот проект ХСР/ДЗР Заштита на деца, до Државниот завод за ревизија поднесен е приговор бр. 15 – 6790/3 од 15.08.2007 година.

Образложенијата за прифаќање односно неприфаќање на приговорот се следните:

1. Приговорот даден на Конечниот извештај кој се однесува на делот Коментари на раководството и проценка на ДЗР **не се прифаќа,** поради следното:

- Во приговорот добиен од Министерството за труд и социјална политика на РМ во писмена форма не е содржана пропратна прилог документација, односно МТСП на РМ го информира ДЗР дека согласно дадените препораки во Конечниот извештај изготвен е и доставен до Секторот за заштита на деца Акционен план за реализирање на препораките (не е во прилог документација на приговорот), следење на реализацијата на препораките ќе врши внатрешната ревизија на МТСП на РМ.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор,**

Скопје, 20.07.2007 година **Др. Драгољуб Арсовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

*"Маршал Тито" бр.12/3 - Палата Македонија; тел./факс 3211-262; 3211-272;*